Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 7 (седум) дрва (4 туи, чемпрес, јасен и јавор) , што се наоѓаат **на ул. "Васко Карангелески" – Скопје.**
2.Пресадувањето на дрвата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Аеродром.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-08/6695/1/7** од **12.07.2023** година, за отстранување на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Васко Карангелески" – Скопје.**
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **12.07.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето, се јавно зеленило и дека се наоѓаат на трасата за изградба на улица Васко Карангелески од раскрсница со Трета Македонска бригада до раскрсница со Бул. Јане Сандански, согласно Правосилно Одобрение за градба Бр. 13-3649/1 од 15.06.2021 год. издадено од Град Скопје.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.
Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје заради непречено извршување на градежните работи.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

**Број 13-08/6695/1/7/2**
**12.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП Паркови и зеленило и Архива

изготвил:
___________________
**Марија Стојановска**

**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**
___________________
**Пом.Раководител на Сектор**
**Драги Митковски**
___________________
**Раководител на Сектор**
**Зоран Лапевски**
___________________

**По овластување на**
**Градоначалник на Град Скопје**
**Секретар на Град Скопје**
**Зоран Глигоров**
___________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**13-08/6695/1/7/2** од 12.07. 2023 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр. **13-08/6695/1/7/2** од 12.07. 2023 година донесено од Градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје овој орган има донесено решение со кое се дозволува пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 7 (седум) дрва (4 туи, чемпрес, јасен и јавор) , што се наоѓаат на ул. "Васко Карангелески" – Скопје.
Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи градежните работи се во тек и во моментот значително е отежнат сообраќајот на наведената локација.

Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежните работи на улицата, наведена во решението, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **13-08/6695/1/7/3**
**12.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива
-ЈП Паркови и зеленило

Изготвил
**Марија Стојановска**
____________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
____________________

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP